ProCredit Bank Macedonia
ProCredit Bank, Head Office bul. Jane Sandanski 109a, 1000 Skopje, Macedonia

# Објава за тендер

| | |
|---|---|
| Набавувач: | ПроКредит Банка АД Скопје |
| Назив на тендер: | Тендер за набавка и испорака на канцелариски материјали |
| Број на тендер: | 29/2010 |
| e-mail: | tenders@procreditbank.com.mk |
| Факс: | (02) 321 99 01 |

Датум на објава на тендерот: 23.08.2010 година
Краен датум на доставување на понудите: 03.09.2010 година

Почитувани,

ПроКредит Банка АД Скопје ќе врши избор на најповолна компанија за набавка и испорака на канцелариски материјали во времетраење од 1 (една) година, за потребите на Управата и Експозитурите на ПроКредит Банка АД Скопје на територија на Р.Македонија, со важност на договорот од Октомври 2010 година.

Сите компании заинтересирани за учество на тендерот за набавка и испорака на канцелариски материјали, треба да достават задолжително примероци од сите побарани производи кои во табелата се обележани со знак “X”, кои по истекот на тендерот ќе се вратат на понудувачите. Доставените примероци треба да одговараат на понудените примероци по производител и квалитет.

**Тендерот за набавка на канцелариски материјали е неделив, а испораката е на месечно ниво согласно потребите на Експозитурата и Управата на ПроКредит Банка АД Скопје на територија на Р.Македонија. Банката го задржува правото да нарача помала или поголема количина од приближно нарачаните количини во минатиот период.**

**Ве молиме понудата да содржи цени за сите ставки наведени во приложената табела и тоа задолжително тип на материјали и земја на потекло.**



Members of the Managing Board:
Jovanka Joleska Popovska, General Manager
Valentina Trajceva Nikovska, Chief Financial Officer
Emilija Spirovska, Chief Risk Management Officer

| РБ | Тип на Материјали | колич. | единечна цена без ддв/по парче или пакетче | Тип на производи и земја на потекло | приближна потрошувачка во 2009/2010год | Производи кои треба задолжително да се достават на увид |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Пачки за пари (со печатено лого на банката во една боја) | | | | | |
| | 8,5cm | парче | | | 180.000 | X |
| | 9,2 cm | парче | | | 21.600 | X |
| 2 | Пачки за пари бланко | | | | | |
| | 9.2 cm | парче | | | 1.000 | X |
| | 8.5 cm | парче | | | 2.700 | X |
| | Пачки без апоени (само со лого бланко) | парче | | | 11.000 | |
| 3 | Хевталица за 40 листови | парче | | | 50 | |
| 4 | Хевт-иглици | | | | | |
| | Хевт-иглици 10 за мала хевталица | пакетче | | | 50 | |
| | Хевт-иглици 24/6 за голема хевталица | пакетче | | | 900 | |
| 5 | Спајалици | | | | | |
| | спајалици мали | пакетче | | | 600 | |
| | спајалици големи | пакетче | | | 40 | |
| 6 | Вампирче - дехевталица | парче | | | 30 | |
| 7 | Маркер во боја | парче | | | | |
| | текст маркер | парче | | | 250 | X |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | за бела табла | парче | | | 70 | |
| | обичен маркер-алкохолен | парче | | | 60 | X |
| 8 | Пенкала | | | | | |
| | пенкало плаво обично | парче | | | 7500 | X |
| | црвено пенкало | парче | | | 80 | |
| | пенкала со спирала-бели | парче | | | 200 | X |
| 9 | Холдер за селотејп 15x33 | парче | | | 15 | |
| 10 | Селотеп | | | | | |
| | салотеп мал | парче | | | 520 | |
| | салотеп голем | парче | | | 20 | |
| 11 | Мастило за печат | | | | | |
| | црвено мастило | парче | | | 30 | |
| | плаво мастило | парче | | | 30 | |
| 12 | Регистратори | | | | | |
| | А4-80 регистратор со кутија | парче | | | 3000 | X |
| | А4-40 тенок регистратор со кутија | парче | | | 200 | |
| 13 | Фолии (кошулици-пакетче од 100 фолии) | пакетче | | | 800 | |
| 14 | Папки | | | | | |
| | папки со метален механизам | парче | | | 500 | X |
| | бели картонски папки со метален механизам (со дополнителен дел за име на досие) | парче | | | 3000 | X |

ProCredit Bank
Bul. Jane Sandanski 109a
1000 Skopje, Macedonia
S.W.I.F.T.: PRBUMK 22

Phone +389/02/321 99 00
Fax +389/02/321 99 01
www.procreditbank.com.mk
info@procreditbank.com.mk

Members of the Managing Board:
Jovanka Joleska Popovska, General Manager
Valentina Trajceva Nikovska, Chief Financial Officer
Emilija Spirovska, Chief Risk Management Officer

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | бели картонски папки без метален механизам (со дополнителен дел за име на досие) | парче | | | 300 | X |
| | висечки папки за оргинални досиеа со метални држачи | парче | | | 100 | X |
| 15 | Адинг ролна за електричен калкулатор | парче | | | 2000 | |
| 16 | Дигитрон | | | | | |
| | Дигитрон без функции | парче | | | 25 | |
| | Дигитрон со функции (со задолжителна функација за конверитрање на валути и копче за back space) | парче | | | 25 | |
| 17 | Коноп | парче | | | 90 | |
| 18 | Хартија за бела табла-Flipchart | пакетче | | | 15 | |
| 19 | Деловодна книга | | | | | |
| | деловодна книга од 100 страни | парче | | | 5 | |
| | деловодна книга од 200 страни | парче | | | 5 | |
| | деловодна книга од 300 страни | парче | | | 5 | |
| 20 | Сепаратори | парче | | | | |
| | Мал сепаратор 23x6см | | | | 6000 | X |
| 21 | Фотокопирна хартија | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | А4 формат 80 грамска | топ | | | 7000 | X (1 top) |
| 22 | Архивска кутија – димензии: ширина 28cm, должина 37,5 cm; висина 13,6 cm (слика во прилог) | парче | | | 500 | X |
| 23 | Коверти | | | | | |
| | Мали коверти со лев прозорец | парче | | | 20.000 | |
| | Мали коверти со десен прозорец | парче | | | 69.010 | |
| | Мали коверти без прозорец | парче | | | 10.450 | |
| | B5 - среден коверт | парче | | | 5.500 | |
| | C4 - голем коверт | парче | | | 5.200 | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

Квалитетот на понудените канцелариски материјали ќе се оценува согласно доставени примероци од следните производи:

| Реден број | Тип на Материјали |
|---|---|
| 1 | Пачки за пари |
| 2 | Маркер |
| 3 | Пенкала |
| 4 | Регистратори |
| 5 | Архивска кутија |
| 6 | Сепаратори |
| 7 | Папки |
| 8 | Фотокопирна хартија (1 топ хартија) |

**Банката го задржува правото да бара промена на вид на производ доколку квалитетот по испораката е на незадоволително ниво.**

**Банката го задржува правото за избор на повеќе компании**.

**Облик и содржина на понудата:**

1. Понудата се изработува во писмен облик
2. Понудата треба да содржи:

а. Име, адреса и седиште на Понудувачот, броеви на телефон и факс, e-mail адреси и лица за контакт;

б. Единечна цена на понудата, со посебно изразен ДДВ. Цената треба да биде изразена во денари и во себе да има вкалкулирано и **транспортни трошоци за испорака низ Р.Македонија франко филијалите и Управата**. Во понудата потребно е да се понудат производи од само еден производител односно бренд. Цената на понудените материјали треба да е фиксна и непроменлива за времетраењето на договорот. **При изработката на понудата задолжително се пополнуваат Анекс 9 – Понуда за тендер и Анекс 10 – Спецификација со поединечни цени** (во прилог на објавата од тендерот).

в. Рок и начин на плаќање – по испорака на материјалите и доставена фактура;

г. Рок на испорака - Рокот на испорака за вообичаените месечни и вондредните нарачки да биде максимум **5 работни денови** од денот на нарачката;

д. Гаранциски период;

ѓ. Докази за квалитет (сертификат за квалитет, технички карактеристики, технички спецификации, функционални карактеристики, естетски карактеристики итн.);

е. Референтна листа;

ж. Доказ за бонитет од банка или од Централниот Регистар на РМ;

з. Антикорупциска изјава потпишана и печатирана;

ѕ. Информација за тековна состојба на фирмата од Централниот Регистар;

и. Уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена мерка за безбедност забрана за вршење на дејност;

ј. Потврда дека не е отворена стечајна постапка;

к. Потврда дека не е отворена ликвидациона постапка;

л. Странско правно или физичко лице кое се јавува како понудувач доставува ревизорски извештај од матичното правно лице кој треба да биде издаден од реномирана странска ревизорска куќа;

љ. Фото-копија од важечка лична карта за физички лица.

Документите се доставуваат во оригинал или копија, со датум на издавање кој не треба да биде постар од 6 (шест) месеци.

**Критериуми за оценување** (бодување) што ќе се применуваат при донесување на одлука по тендер се следните:

- Цена......................................................85 бодови
- Квалитет...............................................10 бодови
- Соработка со банката............................5 бодови

Одбраните добавувачи се обврзани да отворат сметка во ПроКредит Банка АД Скопје.

Плаќањето ќе биде извршено во законски рок по извршената испорака.

Понудите треба да се испратат во затворено плико, со ознака "Не отварај" и „За тендер" најдоцна до крајниот датум за доставување на понудите на долунаведената адреса:

**Бул. Јане Сандански 109а, Скопје**
со назнака за **Тендер за набавка и испорака на канцелариски материјали бр.29/2010.**

Понудите кои се примени преку e-mail или по факс, понуди примени по истекот на крајниот рок, понуди добиени и адресирани до вработени на ПроКредит Банка не се сметаат за валидни при одлучување за тендерот.
Пликотото не смее да содржи никаква ознака со која би можел да се идентификува испраќачот.

Доколку по барање на Набавувачот ПроКредит Банка, Понудувачот треба да изработи модел на предметот кој се набавува, изработката и доставувањето до просториите на Банката е на трошок на Понудувачот и моделот останува во сопственост на Понудувачот. ПроКредит Банка не е должна на Понудувачот да му ги надомести трошоците за изработка ниту пак било кои други трошоци настанати во врска со изработката на моделот и не е должна да го откупи истиот.